# Еволуција на Македонскиот народен вез



Пренесувајќи се континуирано од поколение на поколение, согласно со битот и верувата на македонскиот народ во продолжување на традициите, највисокиот дострел во својот развој накедонската везбена уметност го дотигнала во 19 век. Оваа уметност, чии корења лежат уште на прасловенската почва, секако во себе вклопила траги и наслојувања од разни изминати епохи и култури. Нејзиниот сложен еволутивен процес почнал да се одвива ообено по доселувањето на Словените на Балканот, преку приспособување со сродните старобалкански културни елементи. За натамошниот развој и формирање на македонската везбена уметност посебно значење имал византикаата култура, за што придонело и непоредното соседство на Македонија о

византиската цивилизација. Вековното турско влијание, не е одразило битно во развојот на македонското везбно творештво понатаму, макар што е евидентни некои елементи и од исламската уметност, особено во одно на колоритните промени и инфилтрирањето наа нови мотиви. Но, и покрај разните историски фактори, формирањето на македонското везбено творештво во една издиференцирана ннародна уметност секако се должи најмногу на колективните уметнички потенцијаали на средината во која се создавало и егзистирало. А во тој поглед македонскиот наароден вез јазно сведочи за творечката оригиналнот на неговиот создавач - македонската жена.

**Носителина Везбеното творештво**

Носители на везбеното творештво во Македонија исклучиво биле народните носии, посебно селските, кои се задржале во својата комплетна животна функција се до првите децении на овој век. Везот преставувал карактеристичен традиционален украс, особено на женките носии, а од нив најмногу е везеле кошулите и покривалата за на глаава. Женката кошула, о воите скромни кројни елементи на туниковидна облека, типична за цела Македонија, задржала траги на прастари форми, кои ј доведуваaат во непоредна врска со старобалканската орнаментирана туника, употребувана на Балканот уште пред доаѓањето на словените, а која не му била туѓа ни на ловенкиот вет. Задржувајќи се на првобитните стадиуми во развојот на оваа објека што се однесува до нејзиниот облик, македонските кошули ја развиле понатаму нејзината декорација, во која е одразил и раскошниот стил на византискиот текстил.

Меѓу разните женки везени покривала за на глава посебно место им припаѓа на невестинските сокаи и убруси, а тие не само што се истакнуваат како врвни естетки вредности на македонската везбена уметност, туку имаат и историско значење како најстари македонски везбени изработки, досега, во кои е конзервирана голема архаичност. Нивната очигледна сличност по форма, техника, орнаментација и функција, со соодветни делови од носиите на некои народи од Поволжјето, не можела да никне случајно и секако потврдува многу дамнешни културно-историски врски.

**Изработка на везовите**

Македонските везови се работени редовно со домашни волнени конци, што го овозможувало и некогашното развиено македонко овчарство. За везење на празнични и неветинки носии се употребувала и домашна свила, а речиси насекаде, за нив се користела и срма. Посебно карактеристичен бил домашниот традиционален начин на приготвување волнени конци за везење, кои е сукале и удвојувале само о раце, без никакви технички помагала, што преставуваат еден од најпрвобитните степени на предење текстилни влакна.

Карактеритично речиси за сите македонски везови е нивната изведба со броење на жиците од платното и најчесто од опачната страна, што овозможува полесно броење, но кое бара и развиена техничка вештина. Во поглед на техничката изведба, за македонските везови најтипична е гобленската техника - полнеж, која о воите варијанти достигнала виоко техничко ниво. Одделни техники во везот - релјефните, ажурните, крвчињата - се ограничени само на некои области. Везењето со прави ободи - сокаечко, трупа - најмногу се застапени на женските покривала за на главаа, кои, поради мошне ложената техничка изведба, често ги изработувале само поединечни везилки.

**Бои на везовите**

Македонските везови се најчесто полихромни, но познавањето на повеќе тонски градации од исти бои, е осем ограничена појава. Поретко се застапени бихроматски везови, додека монохромните се карактеристика само на некои региони.

Во колоритот на македонските полихромни везови, доминира црвената боја во нејзиниот широк тонски регистаар, но тоа е во зависност од регионот и од хронологијатаа на нејзината употреба. Меѓутоа, присутна е паралелната примена на две нијанси на црвената боја, било како алтернација или како фон и орнамент. Друга доминантна боја е црната, а во својство на секундарни бои е затапена модрата, зелената и жолтаата, поретко и белата. Притоа, колоритните односи во македонскиот народен вез се трого определени, боите се комбинираниво согласност о закономерни ритмички принципи, кои откриваат еден беспогрешен вкус кај селската жена, која и не ги познавала законите на хармонијата.

**Орнаментика**

Општа одлика на македонскиот народен вез е строго геометриската орнаментика. Геометриските мотиви се застапени во нивниот најширок обем - од наједноставни прави и цик-цак линии до сложени геометрики облици. Чето и не е јано што преставуваат одделни орнаментални мотиви, кои во процесот на нивното пренесување од генерација на генерација, од место на место, се повеќе е модифицирале и губеле од своето првобитно значење, оформувајќи се во апстрактни геометризирани орнаменти.

Македонката везилка опфатила и флорални мотиви, но интерпретирани со геометризам карактеристичен за некзините везови. Најчеста е појавата на цветни мотиви, но и тие преставуваат стилизирани облици на цветови воопшто, о или без лисја, а не на определени видови цвеќиња. Но, и покрај трансформацијата на природните норми, во македонските везови се приутни и определени цветни стилизации, најчесто на лалето и каранфилот.

Шематизирани зооморфни и антропоморфни мотиви е најретка појава во македонскиот народен вез, кои во најголем број случаи означуваат преттави на поединечни животински или човечки белези. За ова веројатно придонеле и забраните на исламот за преттавување на човечки и декоративни ликови во декоративната уметнот, а Македонија најдолго од сите балкански народи останала под роптвото на Турците.

Секој предел во Македонија ја одржувал, низ поколенија, својата традиционална определеносст за орнамент, техника или колорит, наследени уште од дамнешни времиња. Овие пецифичности, особено во западниот дел на Македонија имаат потекло уште од прасловенскиот период. Големите миграциони движења во Македонија во последниве два века, придонеле за едно везбено шаренило на територијата на Македонија. Но, и покрај тоа, секој предел ги задржал своите специфични везбени особености, приспособувајќи го новите влијанија на старите ликовно-естетски карактеристики и традиционални норми.

Везот на женската носија од Кумановско, по војот ликовен третман и карактеритична чисто геометриска орнаментика, оздадена од аглести форми со исспрекршени иназабени контури, е единтвен во Македонија. Оргинално и архитектонично конструираните орнаменти, во пртежно црвен тоналитет, остро се оцртуваат на црниот фон, а техничката изведба со бодови во спротивни правци - што е инаку атипично за македонскиот вез - ја надополнуваат везбената декорација и со ефекти на светло-сенка.

Женските кошули од Скопска Црна Гора се карактеризираат со импозантна црна релјефна орнаментика, која по тил и фактура доследна поредба наоѓа во тектилната декорација на богато орнаментираните коптки туники од ранохристијанско време. Орнаментите најчесто е истакнуваат преку виртуозната игра на везбените техники или о дискретна примена на темномодри комбинации. Црниот релјефен вез од дебели конци е застапен и на женската носија од Долни Полог, но нејзината пецифичност е изобилната примена на бела срма и тенки метални ленти, што и даваат на оваа орнаментика блесок и посебна убавина.

Спротивно на смирениот црн колорит во везот на Скопска Црна Гора, женската носија од Скопска Блатија се одликува со разнобојна и разиграна орнаментика, која и по орнамент и по техничка изведба се разликува од претходните. За основа на орнаментите служи само белото платно, а везот изобилува со разни геометриски мотиви, но и со цветни тилизации, дури и митолошки преткави, најчесто аждери.

Живописните и познати мијачки нoии ги карактеризира и нивниот оргинален вез со линеарно-геометрики мотиви во интензивна црвена боја, а неговата специфичност е ажурната техника, но од друг вид, користеле и везилките од Дебар за украување на својата стара носија.

Ситната и префинета релјефна орнаментика, како и извонредно оригиналната орнаментална композиција, им даваат карактеристичен печат на везените кошули од Дебарски и Струшки Дримкол, од Струшко и Охридско поле. А сите заедно преставуваат вистинска орнаментална цветна градина, зошто тука цветните стилизации достигнале најширока примена и најреална интерпретација на природните форми. Со посебни естетски и технички квалитети се истакнуваат струшките и охридските сокаи за на глава, везени со вила или волна, во чија орнаментика доминираат геометриските мотиви.

Најтипичните претставници на гобленската техника се везените носии од Прилепско-битолската Котлина и од Мариово, кои импресионираат со богаството на мотиви и доминантната пламено-црвена боја.. Традиционалниот вез на женските кошули од овие подрачја зачувал една монументална стилска композиција, а од неа како да одблеснува сјајот на византискиот текстил. Најчесто се извезени во соодветни бои не само мотивите, туку и самиот фон, така што везот има ефект на ткаенина. А прилепските и битолските сокаи се вбројуваат меѓу најубавите во Македонија.

Во женските носии од Кичевијата и Порече доминираат геометриските мотиви во раскошни комбинации, а по орнаменталниот карактер и мелите колористични решенија на одделни примероци, овие везови е доближуваат и до најсовремените ликовни настојувања. Но, творечките димензии на жената најмаркантно се превентирани на убрусите за на глава, кои, заедно со македонските сокаи, претавуваат вистински ремек дела на македонската везбена уметност.

Во областа Река меѓу Лерин и Костур, женските носии е украени со вез, кој ги наоѓа своите аналогии во носијата на најблиските битолски села, но кој е одликува со некои специфики во стилот, додека везбените мотиви од Леринско Поле се реализирани исклучително во техниката крвчиња, што е редок феномен.

Сите овие регионални видови во македонското везбено творештво, создавани со векови од многубројни анонимни мајтори на уметничкото изразување во везот, откриваат една развиена творечка фантазија, една беспрекорна мисла за игра на бои и форми и техничка изведба изградена до совршенство.